


enterprise europe network

*Мрежа на бизнис можности*

# Заштита на Интелектуалната Сопственост

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА
НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Заштита на Интелектуалната сопственост

Многу деловни иницијативи се засновани на нови идеи, интелигентен изум или иновативен маркетинг на производите или услугите, а за промоција на иновативното решение на пазарот е потребно време и често бара значајни инвестиции. За таа цел на компаниите им е потребна ефективна правна заштита на нивните креативни идеи  односно заштита на нивното право на ителектуална сопственост, бидејки во недостаток на сопствени познавања и човечки ресурси, тие многу тешко се справуваат со комплексните правни и технички прашања.

## Што превзема Европската Унија

Европската Комисија сака да го промени односот кон заштитата на правата од интелектуална сопственост во Европа. Затоа, работи на подигањето на свеста за прашањата во врска со интелектуалната сопственост и давање поддршка на претпријатијата, посебно на МСП, во искористувањето колку што е можно повеќе на сопствите права на ителектулана сопственост и завземањето на цврст став против пиратеријата.

Унијата признава дека постоењето на коректен систем за заштита на интелектуалната сопственост, достапен за МСП, е клучен за поттикнување на иновативноста. Непобитен е фактот дека земјите кои имаат најдобри резултати во сферата на иновативноста, имаат и високо ниво на патентирани решенија, па оттаму на заштитата на правата на интелектуалната сопственост се гледа како на клучен елемент од иницијативите на Европската Унија за промовирање на економски раст и поголема вработеност

**Добра заштита на Права на интелектулана сопственост = Добра иновација**
Последните анализи за Европската иновативност покажуваат дека Европа заостанува зад САД и Јапонија и дека постои силна корелација меѓу иновациите и нивото на патентираност. Покрај тоа, тука се и големите разлики во рамките на Европа. Уште повеќе, кога бројот на патентирани производи се стави во соодност со населението, водечките земји не можат да се споредат со САД, која во 2006 година имала 34 794 регистрирани апликации за патентирање, Германија  24 867, Франција била следна со 8 010, Холандија со 7 300, а Велика Британија со само 4 721 регистрирани апликации.
http://www.proinno-europe.eu/docs/Reports/Documents/EIPR2006-fi nal.pdf

## Институции за поддршка на компаниите

**Европската Канцеларија за патенти** со цел да им обезбеди подобра поддршка на МСП  блиско соработува со Европската Комисија  и обезбедува разновидни обуки на бројни теми поврзани со заштита на правата на интелектулата сопственост кај малите и средни претпријатија.

### ХЕЛПДЕСК - Служба за поддршка на интелектуалната сопственост, и заштита на резултатите од  истражувањата

Постојат различни правни начини за заштита на иновациите, авторските права, патентите, заштитената трговска марка или регистритраниот дизајн.

Комисијата ја постави Хелпдеск службата за помош на претприемачите, посебно на малите и средни претпријатија, кои учествуваат во европските истражувачки проекти врзани со проблематиката на правата на ителектуална сопственост. Службата нуди насоки и совети во наведените области, а нивните услуги се бесплатни. Правните експерти од Хелпдеск службата одговараат на секое одделно прашање преку хелп-лајн линијата и ги проверуваат правните документи. Повеќе на: http://www.ipr-helpdesk.org/

Во 2004 година Европската Унија усвои правила за спроведување на правата на интелектуалната сопственост кај сите земји членки, како што се авторските и на нив сродни права, трговска марка, дизајнот и патентите. Носителите на правата на интелектуална сопственост во одделните земји (сега на ниво на Заедницата), поседуваат усогласен збир на граѓански мерки кои ќе им овозможат одбрана на своите права, независно од земјата на која и припаѓаат.

Во таа насока е создавањето на ***Патент на заедицата*** и ***Законодавство за патенти на Европската Унија***. Сето ова се прави со цел европските претпријатија во целост да ги почувствуваат придобивките кои ги нуди единствениот европски пазар. Усвојувањето на Патентот на заедницата ќе ги намали трошоците на патентирањето и ќе ја зголеми правната сигурност за европските претпријатија.

## *Корисни линкови:*

Канцеларија за хармонизација на внатрешниот пазар (регистрација на трговските марки и дизајн во ЕУ) http://oami.europa.eu/en/
Патенти на Заедницата: http://ec.europa.eu/internal_market/indprop/patent/index_en.htm
Авторски и сродни права ( заштита на правата и он-лајн опкружувањето): http://ec.europa.eu/internal_market/copyright/management/management_en.htm
Заштита на правата за интелектулана сопственост: http://ec.europa.eu/internal_market/iprenforcement/index_en.htm

*Во Република Македонија изграден е ефикасен систем на заштита на правата од интелектуална сопственост, а* националното право е усогласено и со соодветните директиви и регулативи на ЕУ и други меѓународни договори од областа.
***Стратегија за интелектуална сопственост*** (2009-2012) е значаен документ во кој се дефинирани стратешките цели и задачи за поддршка на интелектуалната сопственост. Преку активностите кои се предвидени, се става акцент и на промовирање на креативноста и иновативноста, задржување и привлекување таленти кои своето иновативно знаење економски ќе го ефектуираат како и на поддршката на конкурентноста на домашните претпријатија. Сето тоа е во насока на подобро позиционирање на македонските компании на пазарите во Европската унија, поттикнување на странски инвестициии унапредување на економските потенцијали на земјата Стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост (***патент, индустриски дизајн, трговска марка, ознака на потеклото и географска ознака)*** се уредени со **Законот за индустриската Сопственост.**

Работите во врска со стекнувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост ги извршува **Државниот завод за индустриска сопственост**. (повеќе информации на: www.ippo.gov.mk)

Една од основните заложби на Заводот уште од неговото основање сé до денес е стимулирање и ***афирмирање на пронајдувачите во државата***. Во таа насока, во Државниот завод за индустриска сопственост се преземаат и следните активности:

- **Организација на манифестација Патент на годината** доделување на награда за најдобар пронајдок во тековната година;
- **Поддршка за промоција на домашни изложби** (МАКИНОВА, во рамките ТЕХНОМА со три парични награди во категории: жена пронајдувач, најмлад пронаоѓач и најдобар пронајдок ) **и меѓународни изложби**: ЕУРЕКА - Брисел, ЈЕНА- Нирнберг, ПРОНАЛЗАШТВО Белград и други,
- **Поддршка на Сојузот на пронајдувачи и автори на технички унапредувања на РМ** (СПАТУМ), за учество на саеми и за други намени.

Со соодветни акти уредено е да се стимулираат одредени категории и тоа: ***пронаоѓачите невработени, пензионери, инвалиди, ученици и студенти.***
За сите нив, но и за универзитетите како и за малите и средни претпријатија предвидени се:

- Ослободување од некои обврски за плаќање на надомест за извештај од пребарување во бази на податоци за патенти и
- Намалувања на таксата при поднесувањето на пријави за патент за 50%.
- Ослободување од обврска за плаќање надомест за барање за извештај од пребарување во бази на податоци за патенти за сите физички лица кои ќе поднесат пријава за пронајдок од областа на екологијата и заштитата на човекова та околина.

**Министерството за економија на Република Македонија** за поддршка на иноваторството донесе ***Програма за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги***. Програмата предвидува финансиска поддршка, односно субвенционирање (50% од докажаните трошоци на деловни субјекти, но не повеќе од 60.000,00 денари) при поднесување на меѓународна пријава за патент, односно барање за потполно испитување на пријавата. Повеќе информации за Програмата може да добиете во Секторот за претприемништво и конкурентност при Министерството за економија на Република Македонија: http://www.economy.gov.mk/default.asp?ItemID=54F78A809395DC46B4AADE76E313CA8B


www.apprm.gov.mk
www.een.mk
http://www.enterprise-europe-network.ec.europa.eu

Kontakt: eiicm@apprm.gov.mk
tel 02 3120132


cip competitiveness and innovation framework programme 2007 2013

**European Commission**
Enterprise and Industry